**ДО:**

**НАУНО-НАСТАВНИОТ СОВЕТ НА ПЕДАГОШКИОТ ФАКУЛТЕТ,**

**УНИВЕРЗИТЕТ ВО ТЕТОВО**

Согласно член 173 од законот за високо образование (Службен весник на Република Македонија, бр. 82/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 178/2021), со Одлука на Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет, Универзитетот во Тетово, со бр. 24-1647/1 од 09.11.2026 година, врз основа на Конкурсот објавен на 03.10.2026 година, во дневниот весник „Koha“ и “Слободен печат” како и на официјалната веб-страница на Универзитетот www.unite.edu.mk од 03.10.2026 год, за избор на еден асистен од областа на Специјална едукација и рехабилитација (5.03.00.10 од класификацијата на научно-истражувачките подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација), на Педагошки Факултет едногласно се формираше рецензентската комисија во овој состав:

1. **Проф. д-р Арита Агаи, редовен професор на Универзитет во Тетово, (претседател)**
2. **Проф. д-р Буниамин Мемеди, редовен професор на Универзитет во Тетово, (член)**
3. **Проф. д-р Теута Рамадани Расими, редовен професор на Универзитет во Тетово, (член)**

Комисијата во полн состав, како погоре, по проверка на конкурсниот материјал, на горенаведениот наслов му го доставува следниот:

**РЕФЕРАТ**

ЗА ИЗБОР-РЕИЗБОР НА ЕДЕН АСИСТЕНТ ОД ОБЛАСТА СПЕЦИЈАЛНА ЕДУКАЦИЈА И РЕХАБИЛИТАЦИЈА (5.03.00.10 ОД КЛАСИФИКАЦИЈАТА НА НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКИТЕ ПОДРАЧЈА, ПОЛИЊА И ОБЛАСТИ СПОРЕД МЕЃУНАРОДНАТА ФРАСКАТИЕВА КЛАСИФИКАЦИЈА) ПЕДАГОШКИ ФАКУЛТЕТ УНИВЕРЗИТЕТ ВО ТЕТОВО

**I.** На конкурсот објавен во дневните весници Коха и Слободен Печат од 03.10.2026 година како и на официјалната веб-страница на Универзитетот www.unite.edu.mk од 03.10.2026 год, за избор-реизбор на еден асистент од областа Специјална едукација и

рехабилитација (5.03.00.10 од класификацијата на научно-истражувачките подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација) на Педагошкиот факултет. Според поднесената документација во пријавата Мр. сц. Зана Кадрии Вљади е еднинствен пријавен кандидат за избор на асистент во научна област – Специјална едукација и рехабилитација (5.03.00.10 од класификацијата на научно-истражувачките подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација).
Врз основа на доставената документација како и други податоци на кандидатот, рецензентската комисија ги дава следните наоди и оценки:

**Биографски податоци на кандидатот**

Кандидатот Мр. Сц. Зана Кадрии Вљади е родена на 09.10. 1995 во Тетово, со живеалиште во Мала Речица, Општина Тетово, Република Северна Македонија. Основното образование го заврши во с. Стримница, општина Желино и средното образование во медицинското училиште „Никола Штејн“ во Тетово. Во 2017 година ги заврши студиите на прв циклус на Државниот Универзитет во Тетово, на Педагошкиот факултет, Студиска програма: Специјална едукација и рехабилитација, со вкупно 240 ЕКТС, стекнувајќи се со звање: Дипломиран Специјален едукатор и рехабилитатор.

Во 2019 година запишува магистерски студии, на Филозофскиот факултет, студиска програма – Специјална едукација и рехабилитација - насока Оштетување на видот, при Универзитетот „Св.Кирил и Методиј” во Скопје, каде што на 09.12.2021 ја одбрани темата под наслов **„**Подготвеност на наставниците од редовните училишта за инклузивно образование на слепите ученици**„** под менторство на проф. д-р Даниела Димитрова Радојичиќ.

На 23.01.2023 година, е запишана во трет циклус на студии во Универзитетот „Св.Кирил и Методиј” во Скопје, во Филозофскиот факултет, Студиска програма: Дефектологија, што се потврдува со Договорот издадена од страна на деканот на Филозофскиот факултетот со бр. 10-20/3 од 23.01.2023 година. Која во моментов ги има завршено сите испити од шестиот семестар и е посветена на научноистражувачката работа во рамките на подготовката за одбрана на докторската дисертација, како и на понатамошниот развој на нејзините професионални компетенции во оваа област.

Од септември 2017 година таа е ангажирана како асистент со скратено работно време на Универзитетот во Тетово, Педагошки факултет, студиска програма Специјална едукација и рехабилитација.

Во февруари 2020 година се вработува и во Центарот за кариера при Универзитетот во Тетово.

Во декември 2023 година е ангажирана како асистент со полно работно време на Универзитетот во Тетово, Педагошки факултет, студиска програма Специјална едукација и рехабилитација.

Со документацијата поднесена на конкурсот, кандидатот достави и сертификат за познавање англиски јазик.

1. **Наставно образовна дејност:**

Во периодот од академската 2023/2024 до академската 2026/2027 година, како асистент со полно работно време, реализирала настава по следните предмети: Методика на работа со ученици со лесна интелектуална попреченост, Рана интервенција, едукација и рехабилитација преку игра кај деца со посебни образовни потреби, Вовед во специјална едукација и рехабилитација, Професионална ориентација, оспособување и вработување, Методика на работа со ученици со оштетување на видот. Исто така, реализирала вежби по наведените предмети, како и по други предмети, меѓу кои: Окупациона терапија, Ерготерапија, Методика на работа со лица со умерена, тешка и комбинирана интелектуална попреченост, Рана интервенција и едукација на деца со моторни оштетувања.

Била ангажирана во реализација на практични активности за студентите од студиските програми Специјална едукација и рехабилитација и Логопедија, како и во организација на посети во рамките на Педагошкиот факултет, Студиска програма – Специјална едукација и рехабилитација, со цел студентите да остварат директен контакт и практично искуство со деца со попреченост.

Била член на комисии за одбрана на дипломски трудови на 49 студенти од студиската програма Специјална едукација и рехабилитација.

Била член на проектниот истражувачки тим на Министерството за образование и наука, во соработка со УНИЦЕФ и Филозофскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, во рамките на истражувањето и анализата на моделот на образовна поддршка за деца со попреченост во основните училишта, преку Ресурсните центри и Центрите за поддршка во РСМ.

## 2. Научноистражувачка дејност

### 2.1 **Објавени научни трудови и научни конференции:**

1. Agai, A., Kadrii-Vladi, Z., & Shkodra, E. (2026). The impact of teachers' knowledge and readiness to develop individualized education plans on the motivation of students with special educational needs. Education, 8(15–16), 32–39. https://doi.org/10.62792/ut.education.v8.i15-16.p3220
2. Ramadani Rasimi, T., Agai, A., Kadrii, Z., & Izeti Zejneli, A. (2025, 12-13 Nëntor). Academic domains and developmental difficulties in lower primary education: A pilot study on the evaluation of the Handbook for assessing students' learning abilities in North Macedonia [Prezantim punimi].Konferenca e VI-të Ndërkombëtare Shkencore e Fakultetit Pedagogjik, Universiteti i Tetovës, Tetovë,Maqedonia e Veriut
3. Kadrii Vladi Z., Agai, A. (2025), Arsimi gjithëpërfshirës, roli i asistentit arsimor në klasë; Kosova International Conference on Educational Research – KICER, Prishtinë, 26–27 qershor
4. Kadrii Vladi, Z., & Dimitrova Radojichikj, D. (2025). BLIND STUDENTS AND INCLUSIVE EDUCATION IN REGULAR SCHOOLS: TEACHERS’ CONCERNS ACCORDING TO THEIR GENDER. KNOWLEDGE - International Journal , 69(2), 437–440. https://ojs.ikm.mk/index.php/kij/article/view/7256
5. Kadrii Vladi, Z., & Ramadani Rasimi, T. (2025). Socialization of children with special needs in pre-school institutions. EDUCATION Journal of educational research, 177-181. https://eprints.unite.edu.mk/2116/1/EDucation_2025-177-181.pdf
6. Зана Кадрии, Даниела Димитрова Радојичиќ, Арита Агаи, „ПОДГОТВЕНОСТ НА НАСТАВНИЦИТЕ ОД РЕДОВНИТЕ УЧИЛИШТА ЗА ИНКЛУЗИВНО ОБРАЗОВАНИЕ НА СЛЕПИТЕ УЧЕНИЦИ„, Меѓународна Научно-Стручна Конференција-Образование на лицата со Попреченост-Актуелни состојби и Перспективи, Зборник на трудови, ISBN:978-606-238-220-3 (Филозофски факултет), ISBN: 978-608-217-111-1(Универзитет во Тетово), ISBN:978-608-65438-8-4 (Сојуз на специјални едукатори и рехабилитатори на РСМ), 13-15 Октомври 2022, Скопје.
7. Arita Agai, Ermira Bajrami, Zana Kadri, Classroom funktioning with and without an educational assistant, Book of Abstracts, ISCFPE 22, 3rd International Scientific Conference of the Faculty of Pedagogy, 16-18 November 2022, University of Tetova, pg. 454, ISBN:978-608-217-113-5

8. Zana Kadrii Vladi, Arita Agai, „CHALLENGES DURING PROFESSIONAL EDUCATION AND EMPLOYMENT OF PERSONS WITH SPECIAL NEEDS", Book of Abstracts, ISCFPE 23, 4th International Scientific Conference of the Faculty of Pedagogy, 15-17 November 2023, University of Tetova, pg. 429, ISBN: 978-608-217-110-4

**2.3. Други обуки:**

1. Учество во активност по повод Меѓународниот ден на лицата со попреченост на тема „Од предизвикувачко однесување до целосна инклузија на учениците со попреченост", организирана од Педагошкиот факултет при Универзитетот во Тетово, во соработка со Центарот за психолошки услуги и невроразвој „Пирамида" – 2026 година, Скопје.
2. Учество на обуката „ABA-VR: Управување со однесувањето преку виртуелна реалност" и „Поддржувачките домови како училници во станбени единици за поддршка на лицата со аутизам во градењето независен живот", посветена на поддршката на лицата со аутизам, управувањето со однесувањето и поттикнувањето на независното живеење – април 2026 година, Тетово.
3. Учество на работилницата „Од традиционална до виртуелна училница – креирање и користење на очила за виртуелна реалност" – 13.11.2025 година, Тетово.
4. Учество на работилницата „GeoGebra in classroom teaching" – 7 ноември 2024 година, Универзитет во Тетово.
5. Учество на работилницата „The role of play in children's socio-emotional development: Pedagogical methods and practices" – 8 ноември 2024 година, Универзитет во Тетово.
6. Учество на работилницата „Communication as a pedagogical category, self-confidence and art therapy techniques" – 15–17 ноември 2023 година, Тетово.
7. Учество на обука за вештини за вработување, организирана и реализирана од MYCareer, Националната програма за практикантство и вработување во Република Северна Македонија.

**3. Стручно-Применувачка дејност**

Учество во активности за промоција на факултетот

- Учество на манифестацијата „Посебна недела – Од идеја до успех – Ефективно управување со проекти", реализирана на Универзитетот во Тетово, во периодот од 27.10.2025 до 31.10.2025 година.
- Учество на манифестацијата „Посебна студиска, истражувачко-научна недела", организирана од Педагошкиот факултет при Универзитетот во Тетово и

Здружението „Arsimi“ од Швајцарија, реализирана во периодот од 15.10.2024 до 18.10.2024 година.

- Учество на манифестацијата „Java e veçantë studimor - Природна и социокултурна разновидност - Различноста како метод на истражување и размислувањее“,во организација на Едукативната фондација Билдунг од Швајцарија, одржана на Универзитетот во Тетово, на 30.09.2023 - 10.10.2023 г.
- Отворени денови
- Активно учество во организацијата на саемот за кариера
- Учество на манифестацијата „Java e veçantë studimore“, во организација на Едукативната фондација Билдунг од Швајцарија, одржана на Универзитетот во Тетово, на 4.10.2022 - 7.10.2022 г.

**4. Дејности од поширок интерес**

1. Член на организацискиот или програмскиот одбор на меѓународен научен/стручен собир

- Петта меѓународна научна конференција на Педагошкиот факултет, 6–8 ноември 2024 година.
- Шеста меѓународна научна конференција на Педагошкиот факултет, 12–13 ноември 2025 година.

2. Член на факултетски комисии

Член на комисијата за избор на членови на Студентското собрание на Педагошкиот факултет, 14 јули 2025 година.

## II. ПРЕДЛОГ - ОДЛУКА

Врз основа на поглавје I овој реферат се затвара со рецензија на еден кандитат. Според горенаведениот опис на кандидатот од поглавје I на овој реферат и условите за избор на соработник според конкурсот, кандидатот Зана Кадрии Вљади, во документацијата доставена со образец за апликација бр. 04-01/24 од 08.10.2026 година, ги исполнува законските критериуми согласно член 173 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/18 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 178/2021) ги поседува сите потребни документи:

- Диплома за завршување на високо образование и стекнување со научен степен магистер на науки од научната област во која е избран со вкупно 300 ЕКТС и соодветна просечна оценка;
- Континуитет во студии од прв и втор циклус од соодветната област;
- Список на објавени научни трудови и стручни публикации, како и копии на

објавени трудови;
- Кратка биографија (CV);
- Магистерскиот труд;
- Сертификат за познавање на странски јазик;
- Извод од матична книга на родените и потврда за државјанство;

**III. Предлог на Рецензентската комисија**

Врз основа на проверка и проценување на документацијата и условите потребни за избор на соработник на Педагошкиот факултет - Универзитет во Тетово: еден асистент од областа на Специјална едукација и рехабилитација (5.03.00.10 од класификацијата на научно-истражувачките подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација), и врз основа на критериумите утврдени во член 173 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/18 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 178/2021), Рецензентската комисија му предлага на Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет:

- Кандидатот асс. м-р Зана Кадрии Вљади да биде избран во наставно-научно звање асистент во областа на Специјална едукација и рехабилитација (5.03.00.10 од класификацијата на научно-истражувачките подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација).

**Тетово, 17.11.2026**

**Рецензентска комисија**

Проф. д-р Арита Агаи, редовен професор на Универзитет во Тетово, (претседател)

_____

Проф. д-р Буниамин Мемеди, редовен професор на Универзитет во Тетово, (член)

_____

Проф. д-р Теута Рамадани Расими, редовен професор на Универзитет во Тетово, (член)

_____

**ОБРАЗЕЦ 1**

**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНИ, НАУЧНИ И НАСТАВНО-СТРУЧНИ ЗВАЊА**

**Кандидатка: Зана Кадрии Вљади**
**Институција:** Педагошки факултет, Универзитет во Тетово

**Научна област:** Специјална едукација и рехабилитација (5.03.00.10, согласно Меѓународната фраскатиевска класификација на научноистражувачките области, полиња и гранки)

**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ СОРАБОТНИК – АСИСТЕНТ**

| **Реден број** | **ОПШТИ УСЛОВИ** | **Исполнување на општите услови да/не** |
|---|---|---|
| 1 | Има завршено прв и втор циклус на академски студии и има стекнато најмалку 300 ЕКТС-кредити. | **Да** |
| 2 | Стекнато звање – магистер по специјална едукација и рехабилитација.<br>Научна област – Специјална едукација и рехабилитација. | **Да** |
| 3 | Постигнат просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на прв и втор циклус на академски студии, одделно<br>Просечен успех на прв циклус – 8,29.<br>Просечен успех на втор циклус – 8,43. | **Да** |
| 4 | Познавање на најмалку еден странски јазик.<br>1. Странски јазик: Англиски јазик.<br>2. Назив на документот: Сертификат.<br>3. Издавач на документот: Vision Academy – Тетово.<br>4. Датум на издавање на документот: 04.09.2026 година | |